РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**

**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# СТРАТЕГИЈА

# ЗА

# ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ШУМАРСТВОТО

# ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**TCP/MCD/3002 (A)**

Институционален развој и јакнење на капацитетот на шумарскиот сектор и под секторите на дрвната индустрија

## СОДРЖИНА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ШУМАРСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


1. ВОВЕД ..... 2
2. ВИЗИЈА, ГЕНЕРАЛНИ ЦЕЛИ И ГЛАВНИ НАСОКИ ..... 4
2.1. Визија ..... 5
2.2. Генерални цели ..... 6
2.3. Главни насоки: ..... 6
3. ШУМАРСКИОТ СЕКТОР, РЕСУРСИТЕ И ЕКОНОМСКИТЕ ПРАШАЊА ..... 7
3.1. Шумски ресурси ..... 8
3.1.1. Шуми ..... 8
3.1.2. Дивеч ..... 9
3.1.3. Други шумски производи (лековити растенија, шумски плодови, габи) ..... 10
3.2. Дрвна индустрија ..... 11
4. УЛОГАТА НА ДРЖАВАТА ВО РАЗВОЈОТ НА ШУМАРСКИОТ СЕКТОР ..... 11
4.1. Стопанисување со државни шуми ..... 12
4.1.1. Институции и нивниот капацитет ..... 12
4.1.2. Закон за шумите - спроведување и извршување/чување ..... 13
4.1.3. Планирање во шумарството и управување со информации ..... 14
4.1.4. Финансирање ..... 15
4.2. Сопственост на шумата ..... 16
4.3 Стопанисување со приватни шуми ..... 16
4.4. Јавна свест ..... 17
4.5. Образование, усовршување и доквалификација ..... 17
4.6. Истражувања во шумарството ..... 18
4.7. Меѓусекторска и меѓународна соработка ..... 19
5. ШУМАРСТВОТО И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ..... 19
5.1. Заштитна улога на шумата ..... 19
5.2. Зачувување на биолошката разновидност ..... 20
6. СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ ..... 21
6.1. Придонесот на шумарството во создавањето работни места, благосостојба и намалување на сиромаштијата ..... 22
6.2. Придонес во руралниот развој ..... 22
7. ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ШУМАРСКАТА СТРАТЕГИЈА ВО АКЦИЈА ..... 22
7.1. Стратешко планирање ..... 23
7.2. Инвестиции во секторот ..... 23
7.3. Координација ..... 24
7.4. Институционално зајакнување ..... 24
7.5. Шумарско законодавство ..... 25
7.6. Меѓународна соработка ..... 25
7.7. Набљудување и оценување ..... 25


# 1. ВОВЕД

Традиционално, шумите[1] и шумското земјиште од страна на општеството најчесто се сфатени како ресурс кој дава материјални добра, во прв ред дрво и други шумски производи како лековити растенија, делови од растенија, печурки, плодови, и сл. Покрај економската функција, шумите имаат и многубројни други корисни функции за општеството како што се: одморот и рекреацијата на луѓето; многустрана заштитна функција особено во поглед на заштита на биодиверзитетот и запирање на ерозијата; благопријатно влијание врз климата и режимот на водите; производството на кислород и квалитетот на животната средина итн. Во последните години особено големо значење добива улогата на шумите во врзувањето (намалување) на јаглеродниот диоксид како еден од гасовите кои придонесуваат за ефектот на стаклена градина. Овие и други значајни функции на шумите се во корелација со нивната состојба и структура, како по површина, така и според квалитет.

Економската, социјалната и еколошката функција на шумите се од огромно значење за одрживиот развој на општеството и за подобрување на квалитетот на животот, особено во руралните и планински подрачја.

Врз основа на многубројните општокорисни функции на шумите, Република Македонија ги гледа шумите како дел од националното богатство, односно наследство. Потврда за тоа е Уставот на Република Македонија каде "сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба, како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита"[2].

Во првите години на независноста, Република Македонија влезе во многу тежок транзициски период во кој требаше брзо да го реконструира економскиот и политичкиот систем, а со тоа и своето стопанство. Периодот на транзиција беше дополнително отежнат поради сложената социјална и економска состојба.

Бројните негативни појави во развојот на севкупното општество и економијата, влијаеа и на шумарскиот сектор. Во изминатиот десетгодишен период тие го донесоа шумарството[3] во тешка економска положба, така што тоа се наоѓа во стагнација, дури и назадување.

Во моментов, единствен документ за шумарството е Просторниот план на Република Македонија (2004 г.), каде стратешките цели за развојот на шумите се формулирани до 2020 г., но главно со акцент во областа на пошумувањето. Исто така постои Предлог стратегија за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството за периодот 1995 - 2010 година (1996 г.), која не се покажа функционална.

Затечен од брзината на промените, шумарскиот сектор се најде во временски теснец заради што мора многу брзо да реагира. Политичките и економските промени во Република Македонија во согласност со евроинтеграциските процеси, налагаат приоритети и фокусирање кон

---

[1] **шума** - земјиште обраснато со шумски видови дрвја и грмушки, како и шумски голини и ливади, шумски патишта, шумски расадници и други површини кои се тесно поврзани со шумите. (Закон за шуми, 1997год., член 3, "Сл.весник на РМ" бр. 47/1997)

[2] Устав на Република Македонија, член 56, став 1.

[3] **шумарство -** наука, вештина и практика на одржливо стопанисување со шуми и други природни ресурси кои се појавуваат во шума и на шумско земјиште.

општокорисните функции на шумата и нејзиното стопанисување, интегрирајќи се во многу поширок контекст во кој заштитата, биодиверзитетот и грижата за природата и животна средина се ставени во прв план.

Република Македонија има потпишано и ратификувано многу меѓународни договори и конвенции за заштита на шумите и животната средина кои влијаат врз шумарскиот сектор. Ориентацијата на земјата кон Европската Унија бара хармонизација на шумарската политика со обврските кон неа.

Реалните услови во моментов ја налагаат потребата за создавање ефикасен систем за многуфункционално стопанисување со шумите[4] и развој на модерна дрвна индустрија со високи стандарди.

Изработката на документ за долгорочна политика и стратегија за развој на македонското шумарство се наметнува како примарна задача. Во него треба да најдат место современите трендови во светското шумарство, но истовремено да бидат посочени и методи за решавање на бројните проблеми во македонското шумарство во согласност со секторските барања, неговото значење за одржливиот развој, соодветно на заложбите Република Македонија во блиска иднина да стане полноправен член на Европската Унија.

Како одговор на тоа, во февруари 2005 година, Владата на Република Македонија започна со процесот на формулирање на Национална шумарска политика и стратегија (НШПС). Процесот се темели на светски признати принципи, придонеси од експерти како и од сите засегнати страни и општеството како целина. Со НШПС е поставена основата за сите главни одлуки во однос на секторот во следните 20 години.

## 2. ВИЗИЈА, ГЕНЕРАЛНИ ЦЕЛИ И ГЛАВНИ НАСОКИ

[4] **стопанисување со шумите** - планирање, организација, раководење и контрола на сите дејности во шумарството (одгледување, заштита и користење).

## 2.1. Визија

Поттикнати од економската важност на шумите, активностите на шумарскиот сектор ќе бидат конкурентни и прилагодливи кон постојано променливите побарувања на пазарот. Согласно капацитетите, шумарството ќе обезбедува услови и ресурси за одржлив економски раст на секторот.

Површините под шуми постојано ќе се зголемуваат преку пошумување на голините со квалитетен растителен материјал, со предност на автохтоните видови. Одгледувањето и заштитата на вештачки подигнатите шуми ќе бидат навремени и соодветни, со што ќе се обезбедат биолошки и економски квалитетни шуми. Деградираните шуми и шикари интензивно ќе се преведуваат во високи шуми. Почитувањето на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување сосема ќе ги искоренат бесправните сечи и другите штетни активности во шумарството. Активностите во овие четири сегменти ќе придонесат за зголемување на севкупната дрвна маса и подобрување на квалитетот на шумите и дрвото.

Стопанисувањето со други шумски производи ќе носи значителни економски добивки за шумарскиот сектор и за државата, а ќе биде соодветно регулирано со легислатива. Современата инфраструктура и придружните објекти за собирање, обработка и пакување на другите шумски производи, ќе обезбедат конкурентност на производите на европскиот пазар. Ќе се почитуваат биолошките капацитети и ќе се ограничат можностите за прекумерно користење, со што ќе се заштитат економски и еколошки вредните видови и биодиверзитетот.

Државата ќе ги препознава и ќе ги стави во правни и економски рамки општокорисните функции на шумата, со што ќе ја подобри и стабилизира позицијата на шумарството во општеството.

Посебно внимание ќе се посветува на зачувувањето и заштитата на шумите како носечки екосистем. Ова е значајно за биодиверзитетот воопшто, но ќе обезбеди и социјални, економски и културни придобивки за граѓаните на Македонија.

Македонија ќе биде популарна дестинација за рекреативен, спортски, екотуризам и висококомерцијален ловен туризам со што ќе се остварува значителен девизен прилив. Освен во веќе постојните туристички центри, голем дел од активностите и дестинациите ќе бидат насочени кон шумските предели кои се под ингеренции на шумарскот сектор.

Ќе постои ефикасен систем за рано известување, тревожење и супресија на шумски пожари, а државата преку современа карантинска служба ќе обезбеди ефикасна превентивна заштита од интродуирани штетници и патогени. При пренамножување на штетници или фитопатогени, одговорните институции ќе реагираат брзо и адекватно, со примена на еколошки прифатливи мерки за сузбивање.

Раководните луѓе и сите вработени во шумарскиот сектор ќе користат најсовремена технологија и ќе бидат постојано во чекор со најновите научни и технолошки достигнувања. Ќе постои тесна двонасочна соработка со научнообразовните институции при доквалификација, специјализација, научни истражувања и апликативни активности. Шумарството ќе воспостави постојано ажурирана и ефикасна база на податоци достапна за сите релевантни субјекти. Преку свои квалификувани претставници од државни и невладини тела, шумарството ќе членува во сите значајни меѓународни организации и активно ќе учествува во размената на знаења и искуства од својата област.

Шумарскиот сектор ќе вработува квалификуван и висококвалификуван, а пред сé, стручен кадар со висока материјална надокнада, со социјално и пензиско осигурување и ќе обезбеди социјални, културни и спортско-рекреативни погодности.

Раководењето во шумарството ќе биде транспарентно, било да се работи за државно, регионално или локално ниво, а одлуките ќе се базираат единствено врз стручниот аспект. Стручната работа и раководење ќе овозможат справување со социјалните, културните, институционалните, еколошките и економските фактори во нашиот обид за постигнување одржливо стопанисување со шумите.

Сите заинтересирани страни обединети со заедничка визија, треба да учествуваат во остварување на целите и акциите од стратегијата. Стратегијата ќе упати како да се постигне оваа визија, а водечкиот принцип е одржливоста. Одржливиот развој овозможува задоволување на потребите на сегашните, без да се загрозат можностите на идните генерации.

## 2.2. Генерални цели

Целта на Владата на Република Македонија е да го зголеми придонесот на шумарскиот сектор, преку одржливо стопанисување[5] со шумите, во националната економија и во руралниот развој, обезбедувајќи обновливи ресурси и заштита на локалната и глобалната животна средина, со што ќе обезбеди подобрување на квалитетот на животот на сите граѓани.

За да ја одржи и унапреди економската ефикасност на шумарството за потребите на севкупниот национален развој, Владата ќе:

- обезбеди законска, институционална и економска рамка за имплементација на одржливо стопанисување со шумите;
- обезбеди постојан финансиски механизам кој ќе ја подобри состојбата со шумите и развојот на шумарството.

## 2.3. Главни насоки:

1. Проширување, подобрување на квалитетот и заштитата на шумскиот фонд согласно Просторниот план на Република Македонија.

2. Мултифункционално стопанисување со шумите и одржлив развој на шумарството.

3. Зголемување на придонесот на шумите и на другите поврзани добра и услуги во квалитетот на животот во руралните области.

4. Зголемување на јавните и социјалните функции на шумите и шумарството преку заедничка стратегија за развој, со севкупна валоризација на нејзините општокорисни и социјални функции.

[5] "Под одржливо стопанисување се подразбира стопанисување и користење на шумите и шумското земјиште на начин, и во обем (степен) со кои се одржуваат нивниот биодиверзитет, продуктивноста, способноста за регенерација, виталноста и нивниот потенцијал за исполнување, сега и во иднина, на релевантните еколошки, економски и социјални функции на локално, национално и глобално ниво, односно на начин кој не предизвикува оштетување на други екосистеми." - Министерска конференција за заштита на шумите во Европа, 1993 год. од Хелсинки, Финска

5. Зголемување на свеста за еколошките и социјалните вредности на шумите.

6. Подобрување на можностите за изнаоѓање на национални и меѓународни фондови за поддршка на развојот на секторот.

7. Усогласување на шумарското законодавство со националните интереси и меѓународните обврски.

# 3. ШУМАРСКИОТ СЕКТОР, РЕСУРСИТЕ И ЕКОНОМСКИТЕ ПРАШАЊА

## 3.1. Шумски ресурси

### 3.1.1. Шуми

На шумско земјиште во Република Македонија припаѓаат **1.159.600 ha** од кои вкупната површина под шуми изнесува 947.653 ha[6]. Вкупната дрвна маса е **74.343.000 m$^3$**, а вкупниот годишен прираст - **1.830.000 m$^3$** со просечен годишен прираст на хектар од 2,02 m$^3$**.**

Со помош на Фондот за пошумување (кој функционираше до 1990г.) беа пошумени повеќе од 140.000 ha голини и се постигна зголемување на пошумената површина со индекс 1,6.

Шумите во државна сопственост зафаќаат **90,14%**[7] од вкупната површина, додека вкупното учество во дрвна резерва изнесува **92,2%.** Приватните шуми зафаќаат **9,86%** (94.146 ha)[8] од вкупната површина под шума и учествуваат со **7,8%** во вкупната дрвна резерва.

Од вкупната површина под шуми и шумско земјиште околу 8% се неуредени.

Шумарството во Република Македонија е стопанска гранка која што во бруто домашниот производ учествува со 0,3 - 0,5%, меѓутоа ако се валоризираат општокорисните функции, придонесот е значително поголем.

Општиот придонес во бруто националниот производ на дрвната индустрија (примарна и секундарна преработка на дрво, мебел, хартија, целулоза и др.) изнесува 2,5 - 3%

Планираниот сечив етат[9] во Република Македонија во изминатите 10 години изнесува околу 1.300.000 m$^3$, а се користи околу 70% од истиот. Од вкупно произведените шумски сортименти[10], огревното дрво учествува со 80 до 85%.

Шумите на Република Македонија се карактеризираат со богата биолошка разновидност. Македонија има значајни ресурси на други шумски производи: лековити растенија, печурки, шумски плодови итн. и разновиден дивеч. Значењето на шумите се потенцира со фактот што најголемиот дел од заштитените подрачја во Република Македонија се под шума.

Некои од главните закани и проблеми стопанисувањето со шумите се: бесправната сеча која зафаќа големи размери; други нелегални активности; шумските пожари кои во последните 10 години приближно опожариле 100.000ha; климатските промени преку процесот на сушење на шумите, пренамноженоста на штетни инсекти и појава на болести. Сето ова води кон огромни загуби на секторот, во економска и еколошка смисла.

---

[6] Статистички преглед: Земјоделство, 5.4.5.03 504 Шумарство, 1997-2004 година, Државен завод за статистика на Република Македонија

[7] Статистички годишник на Република Македонија 2004 (10.01. Шумарство), Државен завод за статистика на Република Македонија

[8] Статистички годишник на Република Македонија 2004 (10.01. Шумарство), Државен завод за статистика на Република Македонија

[9] **етат** - планирано количество дрвна маса за користење според посебните планови за стопанисување со шумите.

[10] **шумски сортименти** - видови дрвни производи во шума (огревно дрво, целулозно дрво, ситно техничко дрво и техничко дрво).

***Општа цел***

Зголемување на површината под шума и подобрување на составот и квалитетот на шумите врз основа на стопанисување според принципите за одржливост (ОСШ).

***Мерки:***

1. Поттикнување на активностите и обезбедување поддршка за зголемување на обемот на пошумувањето со приспособени дрвни видови согласно со глобалната реонизација и локалните услови, вклучувајќи обнова на деградирани шуми, пошумување на напуштени неквалитетни земјишта, како и други неискористени земни површини.
2. Спроведување на одгледувачки мерки особено во млади шуми, како и обнова на деградирани шуми, забрзување на конверзијата на нискостеблените шуми во високостеблени и реконструкција на деградираните шуми.
3. Зголемување на отвореноста на шумите со изградба на патишта применувајќи еколошко-прифатливи методи.
4. Спроведување мерки за заштита и конзервација на природниот шумски генофонд, преку:
   - Идентификација и евалуација на природниот шумски генофонд[11];
   - Издвојување на семенски насади и "плус стебла" од стопански позначајните шумски видови дрвја.
5. Преземање мерки за подобрување на здравствената состојба на шумите преку отстранување или намалување на негативните фактори, со што ќе се обезбеди стабилен шумски екосистем:
   - Зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, на Шумската полиција при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и на Центарот за извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП);
   - Обнова и поддршка на мрежата за мониторинг и контрола на здравствената состојба на шумите (IPC Forests);
   - Поддржување на истражувачките активности од областа на заштитата на шумите, особено оние со апликативна примена во шумарството.
6. Креирање и донесување упатства кои се однесуваат за оперативни, уредувачки, еколошки и сигурносни прашања.
7. Промовирање на употребата на дрво и дрвни производи од шуми управувани на одржлив начин, спроведување на законот за шуми за да се заштитат шумите од нелегални активности, кои имаат негативно влијание врз шумските ресурси и економијата.
8. Зголемување на користењето на современи научни достигнувања и технологии во областа на шумарството.

### 3.1.2. Дивеч

***Цели***

---

[11] **генофонд** - целокупното количество на наследен материјал во одредена популација.

Постигнување нормална бројна состојба на дивечот во ловиштата на Република Македонија, како и формирање и трајно одржување на популациите на дивечот кои со својата возрасна и полова структура ќе обезбедат репродукција на квалитетни грла, одржливо стопанисување и развој на ловниот туризам.

***Мерки:***

1. Преземање мерки и активности за доведување на бројната состојба на дивечот до планираната нормална бројна состојба.
2. Создавање услови за подобрување на состојбата на автохтоните видови дивеч, реинтродукција[12] на изчезнатите автохтони видови и интродукција на други видови дивеч.
3. Зголемување на инвестициите за подобрување на трофејната вредност на дивечот.
4. Подобрување на координацијата меѓу државата и невладиниот сектор, особено ловечките друштва.
5. Воспоставување база на податоци за бројноста на дивечот по ловишта, ловни реони и ловностопански подрачја, и нејзино постојано ажурирање.
6. Воведување на научно базирани методи за стопанисување со дивечот и ловот, според комерцијални принципи.

### 3.1.3. Други шумски производи (лековити растенија, шумски плодови, габи)

***Цели***

Поттикнување на употребата на другите шумски производи преку интегрирано стопанисување со шумите кое се базира на одржлив стопански, социоекономски и еколошки пристап и обезбедување услови за одржливо искористување и дополнителни приходи за локалното население.

**Мерки:**

1. Изработка на студија (инвентаризација) за природните наоѓалишта, количините во нив и можните капацитети за собирање и преработка на другите шумски производи.
2. Да се изготви нормативна, институционална и економска рамка за соодветна регулација на употребата на другите шумски производи.
3. Да се промовираат еколошки прифатливи методи и практики за користење на другите шумски производи во согласност со одржливото стопанисување.
4. Да се промовираат и поддржуваат мали и средни трговски друштва кои работат со други шумски производи за да обезбедат вработување и приход во руралните домаќинства.
5. Квантифицирање на вкупната вредност на шумите и нивните функции и развој на инструменти за добивање нови приходи од други шумски производи.

---

[12] **реинтродукција** - повторно внесување на одреден вид во одредено подрачје.

### 3.2. Дрвна индустрија

***Цели***

Да се промовира воспоставувањето и постојаниот развој на ефикасно и економски одржлива дрвна индустрија во согласност со понудата и побарувачката на дрво.

Создавање позитивна законска, економска и институционална атмосфера за ефикасна и конкурентно-способна дрвна индустрија.

***Мерки:***

1. Стимулирање на инвестиции во примарната преработка на дрвото и производството на мебел заради зголемување на капацитетите на дрвната индустрија.
2. Поддршка на развојот на мали и средни приватни дрвно-преработувачки компании со техники и технологии кои овозможуваат подобра конкуренција.
3. Приватизација на нерентабилните и неефикасни државни капацитети за примарна преработка на дрво.
4. Обезбедување на континуирано снабдување со суровински материјал, подигање плантажи од соодветни дрвни видови и примена на компетентно стопанисување за да се обезбеди конкурентна индустрија.
5. Забрзување на меѓународната стандардизација во дрвната индустрија и поддршка на процесот за сертификација на шумите[13].
6. Зајакнување на меѓусекторската комуникација и соработка согласно пазарните услови преку размена на информации и технологии.
7. Промовирање и внесување на прифатливи технологии за енергија базирани на дрвна биомаса.
8. Промени во продажниот систем на трупци и воведување на електронски аукции, отворено, транспарентно наддавање.
9. Анализа на ланецот шума - производ со цел да се подобри конкурентноста.
10. Анализа на националниот сортиментен дрвен баланс, особено на учеството на дрвото кое се користи за огрев во вкупното производство.
11. Воспоставување на постојана врска помеѓу производителите на дрво и корисниците.

## 4. УЛОГАТА НА ДРЖАВАТА ВО РАЗВОЈОТ НА ШУМАРСКИОТ СЕКТОР

Улогата на државата во шумарскиот сектор може да се опише преку шест основни функции:

*Законска* (шумарска политика и формулација на закони);

[13] **сертификација на шуми** - примена на меѓународни стандарди за одговорно стопанисување со шумите преку консултативен процес.

*Контролна* (институционални системи кои осигуруваат имплементирање и спроведување на законите, независно од видот на сопственоста);

*Поддржувачка* (активности спроведени од државните институции за да се создадат услови за обезбедување на одржливо стопанисување со шумите);

*Сопственичка* (стопанисување со државните шуми);

*Социјална* (стабилизирање на шумарскиот сектор, проширување на неговите дејности, можности за нови вработувања, овозможување ревитализација на руралните средини); и

*Едукативна* (образование и формирање на технички, стручни и високостручни кадри, за потребите на шумарството).

## 4.1. Стопанисување со државни шуми

***Општи цели***

- Преземање потребни економски, фискални, финансиски и институционални мерки со цел да се подобри ефикасноста на стопанисувањето со шумите и функционирањето во услови на пазарна економија. Составен дел од овие цели е концептот за интеграцијата на општокорисните функции на шумата во пазарниот процес.
- Промовирање на одржливо стопанисување со шумите и развој на систем на критериуми и индикатори за нивно имплементирање во стопанисувањето со шумите.

### 4.1.1. Институции и нивниот капацитет

Со шумите и шумското земјиште во државна сопственост управува Владата на Република Македонија преку своите надлежни институции, и тоа:

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Јавно претпријатие за стопанисување со шуми "Македонски шуми";
- Јавни установи - национални паркови;
- Јавно претпријатие за управување со повеќенаменско подрачје "Јасен" - Скопје.

Државниот инспекторат за шумарство и ловство кој функционира како орган во состав на Министерството за земјоделсто, шумарство и водостопанство, врши контрола и надзор над спроведувањето на Законот за шумите, Законот за ловство и сите закони и подзаконски акти кои се во функција на шумарството и ловството, и Шумската полиција како сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство која врши чување на шумите согласно Законот за шумите.

Во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање функционира Државен инспекторат за заштита на животната средина, кој ги контролира сите правни и физички лица во делот на заштитата на животната средина.

Согласно регулативата во Република Македонија, стопанисувањето со одреден природен ресурс е сегментирано во различни области. Така, на еден природен простор - планина, стопанисуваат неколку правни субјекти. И тоа:

- со шумите - ЈП "Македонски шуми" - Скопје;
- со водите - ЈВП "Водостопанство на Македонија";
- со пасиштата - ЈП за стопанисување со пасишта;
- со дивечот (ловни друштва, здружнија на ловци, ЈП "Македонски шуми" или други правни субјекти);
- со други природни ресурси (камен, руда и сл.), претпријатија кои ќе добијат концесија од државата.

*Значи, на ист простор постојат повеќе субјекти со различни интереси, заради што често настанува конфликт на интереси. Ова значи дека во Република Македонија не е соодветно регулирано стопанисувањето на еден ист простор.*

***Цели***

Создавање потребни организациони структури со соодветен капацитет заради обезбедување интегрирано управување[14] со просторот, со цел заштита и стопанисување со шумските ресурси на одржлива основа, земајќи ги предвид влијанијата врз животната средина, социјалната состојба, културата и економијата.

***Мерки:***

1. Реорганизација на Секторот за шумарство и формирање на Агенција за шумарство и ловство со сектори и одделенија и создавање адекватна структура за стопанисување со шумските ресурси и дивечот.
2. Зајакнување и дефинирање на надлежностите на институциите одговорни за стопанисување со шумите и природните ресурси во шумата.
3. Трансформација и реорганизација на ЈП "Македонски шуми" поради покажаните слаби резултати во досегашното работење.
4. Подобрување на персоналната и техничка опременост на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, како орган во состав на Министерството.
5. Воспоставување критериуми за работа во шумарството единствено на стручни/обучени лица.
6. Воспоставување критериуми за стопанисување со ерозивно-заштитните шуми и ерозивните земјишта.
7. Воспоставување критериуми за стручно планирање на активностите во шумите со посебна намена.
8. Поддршка за формирање асоцијации од шумарската струка.

### 4.1.2. Закон за шумите - спроведување и извршување/чување

[14] **интегрирано управување** - управување со просторот и севкупните ресурси (шуми, вода, минерални суровини, дивеч, туризам, други шумски производи итн.) од страна на еден субјект.

Проблемот со бесправна сеча е сериозен и долгорочно го доведува во опасност одржливото стопанисување со шумите и нивните вредности во поширока смисла. Како последица на бесправните сечи се оневозможува природната обнова на шумата, односно се создаваат услови за појава на ерозија, шумски пожари, растителни болести и штетници, пореметување на водниот режим и сл.

Освен тоа, бесправната сеча и продажба создаваат и економски загуби во државниот сектор.

***Цели***

Промоција на доследно спроведување на Законот за шуми во стопанисувањето и заштитата на шумите и шумските ресурси. Подигање на јавната свест насочена кон заштита на шумите од сите негативни влијанија.

***Мерки:***

1. Усогласување на нашите законски акти од областа на шумарството со соодветните акти на Европската унија.
2. Усогласување на соработката меѓу шумарските институции и останатите институции на системот преку соодветна регулатива;
3. Зајакнување на административниот и техничкиот капацитет на Државниот инспекторат за шумарство и ловство и Шумската полиција со цел да се подобри ефикасноста на нивната контрола во државните и приватните шуми:
   - Зголемување на бројноста на персоналот во Шумската полиција;
   - Подобрување на материјалната и техничката опременост на Шумската полиција и редовно финансирање.
4. Воведување систем на мерки (економски, финансиски, правни) заради спречување корупција, бесправно користење и трговија со шумски продукти и други бесправни дејства во шумите и шумските ресурси.
5. Заострување на санкциите заради елиминирање на бесправните дејства во шумите и создавање услови за нивна ефикасност.
6. Осигурување на транспарентност при стопанисувањето со шумите, донесувањето одлуки, планирањето и извршувањето на теренските работи.

### 4.1.3. Планирање во шумарството и управување со информации

***Цели***

Планирањето на сите стопански активности во шумарството да се темели на принципот на одржлив развој.

Државата, приватниот сектор, јавноста, невладините организаци и меѓународните институции, да се обезбедат со точни и навремени информации за состојбата на шумите, стопанисувањето со шумите и шумските продукти.

Ефикасна размена на информациите во рамките на шумарскиот сектор и меѓу другите сектори и подигање на јавната свест за значењето на шумите и

шумарството за општеството, со активно учество на сите заинтересирани страни.

***Мерки:***

1. Да се воведе единствен национален систем за инвентаризација и мониторинг на шумските ресурси.
2. Подобрување на ефикасноста и квалитетот на системот за подготовка и одобрување на плановите за стопанисување:
   - Формирање владина институција и/или лиценцирани независни институции кои ќе извршуваат дејности на планирање во шумарството, т.е. ќе ги изработуваат плановите за стопанисување со шумите и посебните ловно-стопански основи;
   - Рецензиона комисија за одобрување на посебните планови за стопанисување со шумите и посебните ловно-стопански основи ќе ја следи целокупната постапка за изработка на овие планови.
3. Да се обезбеди техничка и технолошка помош на структурите на шумарската администрација за ефикасно користење на информациониот систем.
4. Зајакнување на професионалниот и техничкиот капацитет на институциите за планирање во шумарството и ловството за да развие процесот на мултифункционално планирање.

### 4.1.4. Финансирање

Шумарството главно се финансира преку продажба на производите кои се добиваат со користење на шумите и примарна преработка на дрвото. Приходите од продажбата, на годишно ниво, се движат околу 90% од вкупните приходи во годината.

Шумарството од државата не добива субвенции за поддршка на одржливо стопанисување и промоција на општокорисните функции на шумите. При ваква состојба шумарскиот сектор без помош на државата не е во можност да се консолидира.

***Цели***

Да се осигура соодветно јавно финансирање на активностите поврзани со одржливото стопанисување на шумите, одржувањето на заштитните и јавните функции на шумите, чувањето, контролата, конзервацијата, подобрувањето и зголемувањето на биодиверзитетот.

***Мерки:***

1. Да се развие и имплементира ефикасен модел за финансирање на шумарскиот сектор, кој ќе обезбеди оптимален баланс меѓу државните дотации[15] и приходите од комерцијалните активности.
2. Развивање финансиски механизам од страна на државата за соодветна компензација на сопствениците за промена на употребата на шумското земјиште (обраснато или необраснато), заснован на соодветни законски нормативи.
3. Финансирање во изградбата на шумски патишта како дел од јавната патна мрежа преку фондот за јавни патишта, онаму каде се од интерес за други јавни, општи и локални потреби.
4. Валоризација на општокорисните функции на шумата како основа за финансирање на шумарството од страна на државата.
5. Да се привлечат меѓународни донатори за поддршка на проекти во шумарството.

### 4.2. Сопственост на шумата

Уставот го гарантира правото на сопственост. Шумите, како природно богатство се добро од општ интерес за Републиката[16]. Сите видови сопственост на шума се еднакви пред законот.

***Цели***

Комплетирање на катастарската евиденција на шуми и шумско земјиште.

Разграничување на шумите во државна од шумите во приватна сопственост.

Окрупнување на државните, односно приватните шуми.

***Мерки:***

1. Завршување на катастарот за шумското земјиште - идентификација и маркација на шумското земјиште во различна сопственост:
    - Идентификација и разграничување меѓу земјоделско и шумско земјиште.
2. Стимулација на обединување односно составување на расцепкани приватни шумски парцели заради намалување на фрагментираноста на парцелите.

### 4.3 Стопанисување со приватни шуми

***Цели***

Да се создаде ефикасен систем на поддршка на приватните сопственици за да ги задоволат личните и општите интереси и да се остварат целите на одржливото стопанисување, користејќи ги искуствата од земјите членки на Европската унија.

---

[15] **дотација** - финансиска помош од државата
[16] Закон за шумите ("Сл.весник на РМ", 47/1997, 7/2000 и 89/2004), член 2

***Мерки:***

1. Можност лиценцирани правни и физички лица од шумарството да даваат услуги во приватните шуми.
2. Да се поттикне воспоставување шумарска советодавна служба со цел да се осигурат соодветната шумарска практика и одржливото стопанисување со приватните шуми.
3. Поттикнување доброволна соработка на сопствениците на шума за да развијат можности за подобрување на економската издржаност на малите шумски парцели.
4. Поттик и поддршка на здруженијата на сопственици на приватни шуми со цел зајакнување на нивниот потенцијал во реализацијата на одржливо стопанисување со шумите, реализација на нивните интереси и можноста за употреба на стимулативни средства.
5. Поддршка на сопствениците за активности во однос на пошумувањето, регенерацијата, заштитата на шумите, планирањето и сертификацијата.
6. Донесување посебни планови за стопанисување со шумите во приватна сопственост.

## 4.4. Јавна свест

За да се обезбеди одржлив развој на шумарството во Република Македонија, потребно е во јавноста да се промовира учество на различни структури од општеството на сите нивоа и од сите аспекти на шумарството.

**Цели**

Да се обезбеди транспарентност во процесот на стопанисувањето со шумите и да се зголеми присутноста на шумарскиот сектор во јавноста.

**Мерки:**

1. Во јавноста да се промовира важноста на шумите за општеството и да се иницира информативна кампања за главните прашања во врска со стопанисувањето со шумите.
2. Да се развие и прифати стандардна процедура за вклучување на заинтересираните невладини организаци и единиците на локална самоуправа во различни советодавни процеси.
3. Да се воведе систем на постојано информирање на јавноста за развојот и стопанисувањето со шумите.

## 4.5. Образование, усовршување и доквалификација

***Цели***

Да се осовремени и подржи образованието и системот за обука, во согласност со одржливото шумарство, заради подобрување на економскиот развој на шумарскиот сектор и подобрување на квалитетот на животната средина на национално, регионално и глобално ниво.

***Мерки:***

1. Прилагодување на постојните програми и капацитети во средното и високото образование во согласност со современи програми од светот, и воведување нови модалитети за обука, доквалификација и преквалификација во шумарството. Системот да биде флексибилен и адаптибилен кон потребни промени кои во иднина ќе произлезат од реални состојби во секторот.
2. Создавање соодветни услови за образование и обука на работници квалификувани за партиципативно стопанисување.
3. Зајакнување на капацитетите на институциите кои се занимаваат со сигурноста и образованието на работниците, како и истражувања, со тоа придонесувајќи во расположивоста со високо квалификуван персонал и работна сила.
4. Промовирање на мултифункционалното значење на шумите во образовните програми.

## 4.6. Истражувања во шумарството

***Цели***

Стекнување нови знаења и развој на технологии во шумарството преку унапредување на капацитетите во истражувачките институции.

***Мерки:***

1. Поттикнување и поддршка на интердисциплинарни истражувања со цел да се преземаат решенија базирани на знаења.
2. Институционален развој и надградување на постојните капацитети за истражување во шумарството, дрвната индустрија и заштита на природата.
3. Поддршка на применети истражувања за потребите на секторот, сопствениците на приватни шуми, малите и средни претпријатија и локалните заедници.
4. Зајакнување на меѓународната соработка во истражувањата заради градење на капацитети во шумарството и дрвната индустрија.
5. Поттикнување на мултидисциплинарни истражувања за улогата на социјалните и културните аспекти на одржливото стопанисување со шуми.
6. Поддршка на истражувања и анализа на потенцијалниот обем на врзување на јаглерод диоксидот во шумите.
7. Поддршка на истражувања и мониторинг за подобро разбирање на можното влијание на климатските промени врз шумите и нивната способност за намалување на влијанието од катастрофи како што се екстремните климатски појави.

8. Стопанисување со шумите во согласност со глобалните климатски промени.

### 4.7. Меѓусекторска и меѓународна соработка

***Цели***

Воспоставување на соодветна меѓусекторска соработка која ќе овозможи непречен проток на информации и заеднички активности на сите нивоа. Истовремено да се обезбеди учество и поврзување со сите меѓународни институции и здруженија од областа на шумарството.

***Мерки:***

1. Да се поддржи активното учество на државата во тела и структури на меѓународни организации во процесите поврзани со шумарскиот сектор.
2. Остварување дијалог со други поврзани сектори со цел да се изнајдат решенија за меѓусекторските проблеми во процесот на формулацијата на политиката, стопанисувањето со шумските ресурси, развој на пазари и на индустријата.
3. Развој и зајакнување на партнерства меѓу владини институции, невладиниот и приватниот сектор.
4. Да се воспостави и да се зајакне меѓународна соработка во шумарството и да се обезбедат услови за имплементација на меѓународни договори, конвенции и резолуции чиј потписник е Република Македонија.
5. Да се подржат и наменски применат меѓународните донации и финансирања на проекти во шумарството, особено во полето на стопанисување со шумите, климатските промени и заштитата на шумите, малите и средни претпријатија.

## 5. ШУМАРСТВОТО И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### 5.1. Заштитна улога на шумата

Шумите како најзначаен дел од екосистемот, заземаат посебно место во глобалниот концепт за заштита на животната средина и имаат квалитети со кои значително се подобруваат животните услови,. Треба да се земе предвид и улогата на шумите во врзување на јаглерод диоксидот од атмосферата, во согласност со Кјото Протоколот. Затоа, шумите заслужуваат посебен третман преку соодветен систем на заштита, одгледување и користење во функција на одржливиот развој.

***Цели***

Одржување на заштитните функции на шумите и зголемување на позитивниот придонес на шумарскиот сектор во заштитата на животната средина, заштитата на водата, почвата и воздухот; заштитата на луѓето и инфраструктурата од природни непогоди; намалување на гасовите кои придонесуваат за глобалното затоплување, итн.

***Мерки:***

1. Проценка на ефектите од потенцијално штетните активности во шумските региони врз животната средина.
2. Одржување, поттикнување и поддршка на еколошки прифатливи дејности и практики во шумите.
3. Стимулација за одржување на заштитните функции на шумата - санација на еродирани земјишта и шуми и заштита на изворишта и води во шумите.
4. Да се подобрат технологиите и методите за користење на шумските ресурси со цел да се минимизираат нарушувањата во животната средина.
5. Да се зголемат површините под шума и да се практикува соодветен начин на стопанисување со шумите заради зголемување на капацитетот на врзувањето на јаглерод диоксидот.
6. Поттикнување на практиката за одржливо стопанисување со шумите, земајќи ја предвид можната имплементација на шумските активности според UNFCCC (Рамковна конвенција за климатските промени на Обединетите Нации) и Кјото Протоколот.

## 5.2. Зачувување на биолошката разновидност

***Цели***

Зачувување и воспоставување на составните делови на биолошката и пејзажна разновидност на македонските шуми преку интегрирањето на целите на заштитата во шумарската практика.

***Мерки:***

1. Координирана имплементација на важечки стратегии во Република Македонија и *Стратегијата со акционен план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија (САПЗБРРМ)*.
2. Анализа на состојбата со мрежата на заштитени шуми и нејзин развој.
3. Врз основа на општите интереси, да се идентификува најпосакуваната форма на стопанисување на заштитените подрачја, со задолжително учество на локалните заедници и сопствениците на шума.
4. Промовирање на обновувањето на биолошката разновидност во деградираните шуми, пошумувања и промовирање на иницијативата да се унапреди природната регенерација и регенерацијата со локални видови и провениенции[17].
5. Да се применува (според САПЗБРРМ) "*ex situ*"[18] и "*in situ*"[19] конзервација, презервација и подобрување на генетските ресурси на шумските дрвја.
6. Да се зголемат фондовите генерирани од државниот буџет за активности поврзани со конзервација на биолошката разновидност во заштитените подрачја.
7. Инвентаризација на заштитените подрачја од III и IV категорија во рамките на стопанските шуми.
8. Воспоставување соработка со здруженијата на граѓани за заеднички активности во полето на заштитата на биолошката разновидност и животната средина.
9. Промовирање практики во стопанисувањето и планирањето со шумите и земјиштето кои се во согласност со заштитата на животната средина.

# 6. СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ

[17] **провиниенција** - географско потекло на одреден вид.

[18] ***ex situ*** - надвор од самото место. *Ex-situ* заштита е зачувување на компонентите на биолошката разновидност надвор од нивните природни наоѓалишта во зоолошки градини, аквариуми, ботанички градини, дендрариуми и сл. како и зачувување на геолошките појави надвор од природните наоѓалишта, главно минерали/стени и фосили во музејски или приватни збирки.

[19] ***in situ*** - на самото место. *In-situ* заштита е зачувување на природните екосистеми и живеалишта, како и одржување и ревитализација на видовите способни за опстанок во нивната природна средина, а во случај на култивирани растенија и домашни животни во средината во која што ги развиле своите специфични својства; зачувување на геолошките појави е заштита на местото на настанување или наоѓалиштето на минералите/стените и фосилите.

### 6.1. Придонесот на шумарството во создавањето работни места, благосостојба и намалување на сиромаштијата

Во шумарството и подсекторите на дрвната индустрија се директно вработени приближно 6000 луѓе. Секторот индиректно создава услови за нови вработувања преку многубројните фази во производството.

***Цели***

Поттикнување на економскиот развој и создавање можности за вработување.

***Мерки:***

1. Поддршка во воспоставување и развој на мали и средни претпријатија, на локално ниво, во областите на услуги во шумарството, други шумски производи и дрво-преработувачки капацитети, кои ќе овозможат развој на руралните подрачја.
2. Промовирање на екотуризам.

### 6.2. Придонес во руралниот развој

***Цели***

Преку одржлив развој на шумарството да се создадат услови за непречен економски развој на руралните области и афирмација на туристичко-рекреативните функции на шумата.

***Мерки:***

1. Промовирање и поддршка на локалните иницијативи за развивање разни форми на бизниси за туризам и услугите врзани со него.
2. Да се идентификуваат и промовираат инвестиции, кои рационално ќе ги искористат постојните потенцијали за рурален развој (соработка со туристички агенции, тренинзи, реклама, развој на инфраструктура итн.).
3. Одржување и развој на шумите за рекреација.

## 7. ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ШУМАРСКАТА СТРАТЕГИЈА ВО АКЦИЈА

Клучните елементи за поддршката на шумарската политика се:

1. Стратешко планирање
2. Инвестиции во секторот
3. Координација
4. Институционално зајакнување
5. Шумарско законодавство
6. Меѓународна соработка
7. Набљудување и оценување

### 7.1. Стратешко планирање

Националната шумарска стратегија обезбедува стратешка рамка за развојот на шумарскиот сектор и таа ќе биде ажурирана постојано во согласност со промените. Ова ќе биде подржано со процесот на редовно известување за состојбата во шумарскиот сектор.

Националната шумарска стратегија е рамка за трансформација на Шумарската политика во акција. Таа ги претставува краткорочните, среднорочните и долгорочните задачи и стратегии за определени области и региони во кои треба да се разрешат клучните прашања преку идентификација на приоритетите.

Стратегијата ќе ги идентификува активностите кои треба да се преземат за да се достигнат целите, одговорните институции за имплементација и поддршка, финансиските ресурси кои треба да се изнајдат и временскиот период на активноста. Сите овие активности ќе бидат управувани преку соодветен план, елабориран респектирајќи ги принципите на транспарентност и партиципативност.

### 7.2. Инвестиции во секторот

Имплементацијата на шумарската стратегија побарува значајни финансиски и човечки ресурси.

Владата ќе обезбеди поволни услови за инвестиции во државниот и приватниот шумарски сектор.

Владата ќе создаде услови за постојани и стабилни инвестиции во шумарскиот сектор преку процесот на реализација на Националната шумарска стратегија.

За планираните инвестиции потребна е координација меѓу приватниот и државниот сектор и меѓународните и националните донатори:

**Приватен сектор**: Создавање на поволни услови за инвестиции во приватниот сектор. Ова вклучува и финансиски услови, отстранување на пречки во пазарот, развојот на повеќетранспарентен и доверлив административен и регулативен систем. Со тоа ќе се овозможат поголеми приватни инвестиции во шумарството и пазарното стопанисување.

**Државниот сектор**: Стратегијата за инвестирање во државниот сектор ќе биде базирана врз економските вредности на шумските ресурси кои се

темелат на анализата на различните ефекти на приходите и расходите во работата на шумарскиот сектор.

Сузбивањето на бесправните дејства во шумите преку стриктно спроведување на законот ќе го намали негативното влијание на пазарот на дрво и ќе ги зголеми приходите за секторот, со што ќе се создадат услови за пообемно реинвестирање во шумарството. Во рамките на Националната шумарска стратегија ќе бидат елаборирани начини за разрешување на гореспоменатите прашања. Меѓу другото, таа треба да одговори и на прашањето како одржливо да се финансира шумарскиот сектор.

**Развојни партнери**: Владата ќе соработува со национални и меѓународни донатори за финансиска помош за спроведувања на Националната шумарска стратегија.

**Меѓународна финансиска помош:** За развој на секторот ќе бидат активирани други извори на финансирање, вклучувајќи ги меѓународните фондови за поддршка на одржливото стопанисување со шумите, конзервацијата на биолошката разновидност, заштитните функции на шумите и за проблемот на врзување јаглерод.

## 7.3. Координација

Покрај фактот дека главната одговорност и водство за спроведување на оваа стратегија ќе ја има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, сите други министерства кои влијаат на шумарскиот сектор се задолжени да ја вклучат стратегијата за одржлив развој на шумарството во нивните процеси на донесување решенија.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го воспостави оперативниот управен механизам за имплементација, мониторинг, контрола и известување за стратегијата.

Заради воспоставување на соодветна координација помеѓу засегнатите институции, Владата ќе формира Совет за секторско планирање и координација. Советот ќе вклучи претставници на Владата, ресорното министерство, други значајни министерства, претставници на локалните власти, на приватниот сектор и на другите главни заинтересирани страни. Оваа структура ќе ја обезбеди координацијата и одржувањето на балансиран пристап, бидејќи директниот пристап на Владата во секторот ќе биде редефиниран и намален, а улогата на приватниот сектор и јавноста ќе станат многу значајни.

Националниот совет ќе овозможи за јавноста, странските партнери и сите заинтересирани страни да придонесат на регуларните дебати за шумарскиот сектор, да се надополни секторската координација и да се информираат за приоритетите на национално ниво.

## 7.4. Институционално зајакнување

Институционалната рамка на шумарскиот сектор ќе биде зајакната за да се имплементира шумарската политика.

Владата ќе обезбеди поддршка на претпријатието за стопанисување со шумите ЈП "Македонски шуми" - Скопје преку: подобра координација, нови партнерства, објаснување на нивната улога и одговорностите и подобрување на законските регулативи, како и да помогне во негово реструктуирање, заради подобрување на авторитетот и активностите во стопанисувањето со шумите, а со тоа и подобрување на финансиските ресурси. Претпријатието треба да биде профитабилно и ориентирано кон пазарно стопанисување, истовремено почитувајќи ги основните критериуми за одржливо стопанисување со шумите.

Приватен сектор: Владата ќе обезбеди позначајно учество на приватниот сектор во шумарскиот развој.

Невладини организации: Улогата на невладините организации ќе биде да го промовираат одржливиот развој на шумарскиот сектор.
Оваа улога се состои во следното:

- поттикнување на јавното мислење;
- зајакнување на демократското општество;
- поддршка на советодавните служби;
- да се осигура вклучувањето на прашањата од локално ниво во развојот на процесот на национално ниво;
- активна размена и публикување на информациите.

### 7.5. Шумарско законодавство

Владата ќе ја анализира и ревидира законската рамка на шумарскиот сектор. Владата ќе обезбеди законска рамка за имплементација на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија.

### 7.6. Меѓународна соработка

Владата ќе учествува во создавањето и имплементацијата на меѓународните обврски и договори.

- Република Македонија е потписничка на голем број меѓународни договори кои директно или индиректно се однесуваат на шумарскиот сектор. Владата ќе ги оствари обврските спрема овие договори преку националните закони и преку имплементација на активности.

### 7.7. Набљудување и оценување

Имплементацијата на стратегијата ќе биде постојано набљудувана и оценувана од одговорните фактори во шумарството.

Ефектите од имплементацијата ќе бидат следени и споредувани преку следните категории:

- одржливо користење на ресурсите;
- одржувањето на функциите на животната средина и конзервација на биолошката разновидност;

- економскиот развој во областа на шумарството;
- повисок животен стандард за руралното и урбаното население кое зависи од шумите;
- видлива примена на преземените меѓународните обврски.

Ќе се воспостави информатички систем за прибирање и анализа на податоци за горенаведените категории.

Сите стратегии за инвестициите во шумарскиот сектор ќе ги вклучат плановите за мониторинг и оцена на успехот и категориите кои укажуваат на ефектите и напредокот. Резултатите од секторното набљудување и оцена за успехот ќе бидат редовно публикувани во форма на извештај за шумарскиот сектор.

**Сите заинтересирани страни, а не само Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, имаат улога во имплементацијата на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија и одговорност да се придонесе во успехот, преку активно учество и соработка.**

---------------------------------